Република Северна Македонија
ЈУ Специјален завод ДЕМИР КАПИЈА
Бр. 02-637/1
30.10. 2019 год.
ДЕМИР КАПИЈА

Влада на Република Северна Македонија

# - ЈАВНА УСТАНОВА СПЕЦИЈАЛЕН ЗАВОД- ДЕМИР КАПИЈА

**Врз основа на член 193 од Закон за социјална заштита (Службен весник на Република Северна Македонија бр.104/19) и член 31, 32, 33, 34 ,35 и 36 од Статут на Јавна Установа Специјален Завод Демир Капија бр.01-390/1 од 02.07.2019 година ВД Директорот објави :**

## ЈАВЕН ПОВИК

За формирање на Советот на корисници

ЈУ Специјален Завод Демир Капија врз основа на член 33 од Статут на ЈУ Специјален Завод Демир Капија објавува јавен повик за формирање на совет на корисници.

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните општи услови утврдени со член 33 став 2 од Статут на ЈУ Специјален Завод Демир Капија според кој за член на Совет на корисници може да биде избирано лице:

- корисник на права или услуги од надлежност на установата
- родител / старател на лице корисник на права или услуги од надлежност на установата
- лице кое не е осудувано со правосилна судска пресуда
- лице кое не му е одземно родителско право
- државјанин на Република Северна Македонија

При поднесување на апликацијата лицето односно кандидатот кое се јавува на јавниот повик треба да ги достави следниве документи:

- потврда дека е корисник на право или услуга или потврда дека е родител или стрател на лице корисник на права или услуга од надлежност на установата
- потврда за неосудуваност
- потврда дека не му е одземено вршењето на родителското право
- кратка биографија
- мотивационо писмо
- државјанство

Советот на корисници е составен од 5 до 7 члена .

Мандатот на членовите на Советот на корисници трае 4 години.

На член на Советот на корисници мандатот може да му престане и пред истекот, доколку го изгуби статусот на корисник на право или услуга од надлежност на установата и по лично барање.

Надлежности на Советот на корисници се:


Јавна установа Специјален завод Демир Капија
Ул. Наум Наумовски бр.4 Демир Капија Република Северна Македонија
+389 43 366 237 jusz-dk@mtsp.gov.mk

Република Северна Македонија Специјален завод Демир Капија

# - ЈАВНА УСТАНОВА СПЕЦИЈАЛЕН ЗАВОД- ДЕМИР КАПИЈА

- предлага програми за подобрување на работата и стандардите на установата
- предлага член на Управниот одбор од редот на своите членови
- дава предлози и мислења до директорот и управниот одбор за други прашање што се од интерес за корисниците и установата.

Работата на Советот на корисници се регулира со Деловодник за работа на Советот на корисници .

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи изнесува 5 работни дена сметано од наредниот ден од денот на објавувањето на јавниот повик (не сметајќи го денот на самото објавување).

ВД Директор
Александра Велковска


Јавна установа Специјален завод
Демир Капија

Ул. Наум Наумовски бр.4
Демир Капија
Република Северна Македонија

+389 43 366 237
jusz-dk@mtsp.gov.mk